# ПОРАКА

Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Број 3 година XXXVIII

Септември 2025 г.



*СОДРЖИНА*

2 страна - **Усвоен Националниот акциски план за правата на децата (2025–2029)**

3 страна - **Учество на лицата со попреченост во политичкиот и јавниот живот**

4 и 5 страна - **Деловна способност и поддржано донесување одлуки за лицата со интелектуална попреченост**

6, 7, 8 и 9 страна - **Следниот голем чекор на Европската унија во областа на вработување и позицијата на ЕАСПД во однос на тој чекор**

10 и 11 страна - **Грижа и поддршка за децата со попреченост во рамки на семејната средина и нејзините родови димензи**

12, 13, 14 и 15 страна - **Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП - ПОРАКА**

16 страна - **Спортско - рекреативни активности на дневните центри на РЦПЛИП - ПОРАКА во Скопје**

***"ПОРАКА"***
***Гласило на Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА***

**Септември 2025 г. Број 3, год. XXXVIII**
Гласилото излегува секои 3 месеци

***Уредувачки одбор:***
Д-р Василка Димоска Де Јонг
М-р Владо Крстовски
М-р Маја Гацоска

***Печати:***
Артифекс Креативе ДОО Скопје
Тираж 1.000 примероци

Адреса на РЦПЛИП - ПОРАКА:
"Орце Николов" бр. 122, Скопје;
тел.: 329 69 61; e-mail: poraka@t.mk
web: www.poraka.org.mk

**Дадените согледувања и употребуваната терминологија во одредени написи од одредени автори не го одразуваат официјалното мислење и ставови на РЦПЛИП - ПОРАКА.**

**Преземен текст од www.mtsp.gov.mk**

# Усвоен Националниот акциски план за правата на децата (2025–2029)

Министерството за социјална политика, демографија и млади информира дека е усвоен Националниот акциски план за правата на децата за периодот 2025–2029 година. Националниот акциски план за правата на децата е создаден со јасна цел – унапредување на животните услови на децата, овозможувајќи им здрава, безбедна и среќна иднина. Преку овој план, се поставува основа за заштита на нивните права, создавање еднакви можности и промовирање на нивниот развој во средини што ги поттикнуваат нивните потенцијали. Детската перспектива е во срцето на оваа иницијатива, водени од нивните гласови, потреби и аспирации. Целта на овој сеопфатен, мулти-секторски документ е создавање на средина каде што правата на децата се целосно почитувани, заштитени и промовирани.

Документот е резултат на инклузивен и партиципативен процес на креирање, во кој беа вклучени бројни државни институции и граѓански организации, како и самите деца, чиј глас беше суштински дел од процесот. Акцискиот план е подготвен со поддршка на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото" и во соработка со УНИЦЕФ.

Со усвојувањето на овој стратешки документ, државата прави значаен исчекор во исполнувањето на обврските преземени кон Комитетот за правата на детето на ООН, како и во реализацијата на Европската гаранција за правата на децата. Планот е целосно усогласен со Националната развојна стратегија 2024–2044 и е дел од активностите предвидени со Патоказот за владеење на правото, усвоен од Владата на Република Северна Македонија во декември 2023 година.

Особено значајна компонента на Планот е иницијативата за воспоставување национален механизам за координација и следење на неговата имплементација, преку измена и дополнување на Законот за заштита на децата. Со ова, ќе се формира специјализирано тело за следење на правата на децата, кое ќе има задача да ја координира имплементацијата на Планот, но и да обезбеди системски надзор врз спроведувањето на Конвенцијата за правата на детето на ООН.

Во оваа насока, Планот директно одговара и на препораките содржани во Скрининг извештајот и Извештајот за напредокот на Република Северна Македонија кон ЕУ за 2024 година, каде Европската комисија нотира потреба од посилен институционален капацитет, стратешки документи и функционален механизам за заштита на правата на децата. Со овој План, Министерството за социјална политика, демографија и млади ја потврдува својата цврста заложба за создавање општество во кое секое дете е заштитено, слушнато и вклучено во одлуките што го засегаат неговиот живот.

**Децата со попреченост се опфатени во петтата приоритетна област од овој Национален акциски план, чија главна цел се фокусира на подобрување на социјалните услуги за децата со попреченост во заедницата, обезбедувајќи интерсекциски и родово одговорен пристап, на локално ниво. Дополнително, оваа цел треба да се гледа во врска со слични мерки кои имаат за цел да обезбедат вклучување на децата во образованието (приоритетна област 7) и подобрување на здравствените услуги (приоритетна област 6). Мерките кои ќе се преземаат во следниот период, а наменети за постигнување на оваа цел се следните:**

- **Развивање на нови регионални услуги за поддршка на децата со попреченост и нивните семејства на локално ниво во сите региони**
- **Воспоставување на електронски систем за мониторинг за развојот на децата од раѓање до три годишна возраст**
- **Подигнување на капацитетите на здравствените работници за рано откривање на потешкотии во развојот кај децата**
- **Јакнење на капацитетите на здравствените работници за спречување на напуштање на деца по раѓањето, со фокус на поддршка за семејствата.**

## Активности на РЦПЛИП – ПОРАКА

# Учество на лицата со попреченост во политичкиот и јавниот живот

Во пресрет на локалните избори во нашата држава, РЦПЛИП – ПОРАКА потсетува дека лицата со попреченост треба да имаат можност да ги практикуваат нивните политички права на еднаква основа со другите. Република Северна Македонија во 2011 година го донесе Законот за ратификација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, и со тоа оваа Конвенција стана дел од законодавството во нашата држава.

Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост во членот 29 ги уредува обврските на државата во однос на учеството на лицата со попреченост во политичкиот и јавниот живот. **Државата е должна да им ги гарантира на лицата со попреченост нивните политички права и можноста истите да ги уживаат на еднаква основа со другите. Државата е одговорна да обезбеди дека лицата со попреченост можат ефективно и целосно да учествуваат во политичкиот и јавниот живот на еднаква основа со другите, директно или преку слободно избрани претставници, вклучувајќи го правото и можноста за лицата со попреченост да гласаат и да бидат гласани. Исто така, државата треба да обезбеди дека постапките за гласање, капацитетите и материјалите се соодветни, пристапни и лесно разбирливи и употребливи.**

Во декември 2023 година, Владата на Република Северна Македонија ја усвои Националната стратегија за правата на лицата со попреченост 2023 – 2030. Во приоритетната област Еднаквост, пристап до правда и активно учество во јавниот и политичкиот живот Стратегијата вели **„Предвидените мерки треба да овозможат остварување на правото на политичко учество засновано на слободата да се направи сопствен избор. Во таа насока, предвидени се активности за надминување на предизвиците во поглед на непристапните избирачки места, информациите, како и ограничениот пристап за регистрација за гласање. Дополнително, предвидени се и активности за унапредување на законодавството, што ќе гарантира дека лицата со попреченост еднакво и ефективно ќе можат да ги уживаат политичките права, како и афирмативни мерки за вклучување на лицата со попреченост во јавниот и политичкиот живот.“**

Изборниот законик, во член 6, уредува дека право да избира има секој државјанин кој наполнил 18 години живот и има деловна способност и е со постојано живеалиште во изборната единица, општината, односно градот Скопје каде што се врши изборот. Од друга страна, кандидат за пратеник, член на совет и градоначалник може да биде државјанин на Република Северна Македонија, ако наполнил 18 години живот и има деловна способност.

Во септември 2021 година, направени се измени и дополнувања на Изборниот законик, кои ги засегаат и лицата со интелектуална попреченост, како избирачи. Членот 41 од Изборниот законик кој го регулира запишувањето во Избирачкиот список и со тоа остварување на правото на глас, е изменет и сега гласи: **„Во Избирачкиот список не се запишуваат граѓаните на кои со правосилна судска одлука целосно им е одземена деловната способност или со правосилна судска одлука делумно им е одземена деловната способност при што судот утврдил дека лицето нема способност да изрази правно релевантна волја на избори.“.**

Со тоа, се овозможува одредена група на граѓани, вклучувајќи ги и лицата со интелектуална попреченост со делумно одземена деловна способност, да го остварат своето право на глас. Доколку судот во својата одлука за делумно одземање на деловната способност на лицето утврдил дека тоа нема способност да изрази правно релевантна волја на избори, лицето нема да биде запишано во избирачкиот список и нема да може да го оствари своето право на глас. Во спротивно, лицето ќе може да учествува во избирачкиот процес како избирач. Имајќи го ова во предвид, очигледен е заклучокот дека деловната способност е основа за едно лице да биде вклучено или исклучено од избирачкиот процес во нашата држава.

За поздравување се активностите што Државната изборна комисија (ДИК) ги презема во изминатите неколку изборни процеси во нашата држава, а се наменети за активно вклучување на лицата со попреченост во избирачкиот процес. ДИК овозможи претставници на релевантните организации на лица со попреченост, вклучувајќи ја РЦПЛИП – ПОРАКА, да се вклучат во обуки за сертифицирани обучувачи на изборните комисии. Овие обучувачи, меѓу кои има и лица со попреченост, преку практични примери, симулации и вежби директно ги запознаваат и претставниците на избирачките одбори со потребите и потешкотиите на лицата со попреченост со кои тие се соочуваат при директното остварување на правото на глас.

Исто така, Државната изборна комисија изминативе години набави и дополнителна опрема со која се овозможи лицата со телесна попреченост да можат полесно да пристапат до избирачките места. Воедно овозможи и телефонска линија на која лицата со оштетен слух и говор преку видео повик, на денот на изборите, можат да постават прашање до ДИК и да добијат одговор на македонски знаковен јазик.

**Препораки на РЦПЛИП - ПОРАКА:**

- **Лицата со интелектуална попреченост го остваруваат своето право на глас доколку не им е одземена или ограничена деловната способност. Со тоа се потврдува потребата и важноста за итна реформа на системот за одземање и ограничување на деловната способност и воведување на системот на поддржано донесување одлуки, вклучително и во избирачкиот процес.**
- **Потребни се иницијативи и мерки за зајакнување и охрабрување на лицата со попреченост кои имаат аспирации за вклучување во политичкиот живот и учество на избори.**

Предлози за унапредување на правата на лицата со интелектуална попреченост

# Деловна способност и поддржано донесување одлуки за лицата со интелектуална попреченост

Во декември 2023 година, Владата на Република Северна Македонија ја усвои Националната стратегија за правата на лицата со попреченост 2023 – 2030. Во приоритетната област **Еднаквост, пристап до правда и активно учество во јавниот и политичкиот живот.** Стратегијата вели *„(...) до 2030 година да овозможи лицата со попреченост да имаат еднаков пристап до правда, информиран избор и поддржано одлучување. Оваа цел го обезбедува правото за еднаквост пред законот, како општ принцип за заштита на човековите права и неопходен предуслов за остварување на останатите човекови права на граѓаните со попреченост, самостојно живеење и вклученост во заедницата како еднакви. Мерките предвидуваат обезбедување пристапни и достапни информации. Дополнително, Стратегијата предвидува мерки за развивање сервиси во заедницата за носење информиран избор и поддржано донесување одлуки, засновани на почитување на автономијата, волјата и преференциите на лицата со попреченост и човековите права.“.*

**Деловна способност – правото да се носат одлуки и да се биде еднакво признаен пред законот – е суштински аспект во овој поглед, бидејќи се однесува на признавањето на способноста на лицето да носи одлуки и да практикува избор и контрола врз својот живот.** Токму затоа РЦПЛИП – ПОРАКА, се залага за признавањето на правото на деловна способност за сите лица со попреченост, во согласност со Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, и на воведување на поддржано донесување одлуки, оддалечувајќи се од режимите на старателство и пристапите на заменско донесување одлуки.

**Деловната способност е вродено право, дадено на сите лица. Се состои и од способност да се поседуваат права (правна положба) и од капацитетот за нивно практикување (правно застапување). Сепак, повеќето од правните рамки тежнеат да ги разликуваат овие две, признавајќи ја правната положба на лицата со попреченост (нивниот капацитет да поседуваат права), но не и нивниот капацитет да ги практикуваат овие права (правна застапеност). На пример, во некои случаи, на лицата со попреченост може правно да им се дозволи да имаат сопственост врз имот, но не и да раководат со имотот, како и да го продаваат.**

**Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, особено нејзиниот член 12 јасно потврдува дека лицата со попреченост имаат право да бидат признаени како лица пред законот и државите членки ќе признаат дека лицата со попреченост уживаат деловна способност на еднаква основа со другите во сите аспекти од животот.** Ова јасно повикува на промена на парадигмата од „заменски режими на донесување одлуки“, како што е старателството, кон ситуации кои гарантираат дека лицата со попреченост можат да носат сопствени одлуки и да ги уживаат своите права („поддржано донесување одлуки“).
Членот 12 од Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост исто така вели дека на лицата со попреченост




понекогаш може да им треба поддршка во практикувањето на нивната деловна способност. Токму затоа, обврска на државите членки е да им обезбедат на лицата со попреченост пристап до потребната поддршка за да можат самите да носат одлуки кои имаат правен ефект. Ваквата поддршка мора да ги почитува правата, волјата и преференците на лицата со попреченост и никогаш не треба да претставува замена за донесување одлуки.. На крај, членот 12 бара да се воведат соодветни и ефективни заштитни мерки со цел да се практикува деловната способност. Тие треба да овозможат дека мерките за олеснување на поддржаното донесување одлуки не се злоупотребуваат, во согласност со меѓународните закони за човекови права.

## Од заменско до поддржано донесување одлуки

Имајќи го предвид кажаното погоре, што претставува поддржано донесување одлуки и како тоа се разликува од заменското донесување одлуки?

**Во заменското донесување одлуки, лицето со попреченост може да се смета за неспособно да носи одлуки за себеси, па се назначува заменско лице кое ќе делува во име на лицето со попреченост, носејќи одлуки во „најдобар интерес“ за лицето.**

При заменското донесување одлуки, лицата не го избираат својот старател и на тој начин едно лице може да биде назначено против својата волја, преку формален или неформален процес, каде што:

- Според закон лицето е назначено да биде „старател“ на одредено лице. Па оттука, законските старатели можат да носат некои или да ги носат сите одлуки за лицето, што може и честопати се случува тоа да биде без претходна консултација со самото лице. Ова значи дека на лицето му е одземена можноста да носи законски ефективни одлуки и да има контрола врз сопствениот живот, со што му се одзема деловната способност.
- Заменското донесување одлуки може да се случи и неформално т.е. членови од семејството или пријатели системски да ги преземаат сите одлуки за лицето, вклучително и многу едноставни избори за секојдневните активности, исхрана и облека, како и одлуки за тоа каде, како и со кого да живее, за сексуални и интимни врски, образование, вработување, здравствена заштита, ракување со пари и законски избори. Ова се случува во јасна спротивставеност со Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост.

## Предлози за унапредување на правата на лицата со интелектуална попреченост

**Од друга страна, во поддржаното донесување одлуки лицата ја задржуваат деловната способност и, наместо старателите, тие имаат поддржувачи кои ги оспособуваат да носи сопствени одлуки.**
Поточно, во поддржаното донесување одлуки:

- Лицето со попреченост може да избере едно или повеќе лица во кои има доверба за да го поддржуваат во носењето лични, финансиски и правни одлуки.
- Наместо одлучување врз основа на „најдобриот интерес" за лицето, приматот е даден на „волјата и преференците", почитувајќи ја нивната автономија и правото на одлучување, без разлика на неговата/нејзината попреченост. Овој пристап го почитува достоинството и еднаквоста на лицата со попреченост и прифаќа дека, како и сите други, тие имаат уникатни преференци, желби и вредности кои треба да се земат предвид. Покрај тоа, овој пристап се оддалечува од патерналистичкиот кој историски наназад ги третирал лицата со попреченост како пасивни субјекти, со одлуки донесени за нив без нивно учество.
- Мора да се гарантира најдобрата интерпретација на волјата и преференците на лицето, дури и во предизвикувачки ситуации, како оние кои ги вклучуваат лицата со големи и сложени потреби за поддршка. Клучот за постигнување на оваа цел – и со тоа да се избегне заменското донесување одлуки – е во императивниот развој и прифаќање на дополнителни алатки и методологии скроени да им помогнат на поддржувачите во овие ситуации. Од суштинско значење е да се утврди, како предуслов за обезбедувачите на сервисни служби, тие постојано да ги користат овие методологии пред самостојно толкување на волјата на лицето. Доколку овие алатки не се користат активно за одреден случај, не може да се смета дека е направен секој можен напор за да се разберат желбите и преференците на поединецот.

### Насоки за националните креатори на политики за да се осигура правото на деловна способност и еднакво признавање пред законот

Начелото за целосна деловна способност е утврдено со членот 12 од Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, па поради тоа од државите потписнички се бара да развијат сеопфатен систем за поддржано донесување одлуки и мерки за заштита за сите лица со попреченост.

Развивањето и усвојувањето на законски реформи со кои се укинува заменското донесување одлуки и воспоставување на поддржано донесување одлуки е првиот суштински чекор што е потребен за да се гарантира признавањето и почитувањето на правото на деловна способност за лицата со попреченост.

Системот за поддржано донесување одлуки се состои од различни опции за поддршка кои предност даваат на волјата и преференците на лицето и ги почитуваат човековите права. Следи листа на клучни одредби со кои ќе се овозможи усогласување со членот 12 од Конвенцијата:

- Поддржаното донесување одлуки мора да е на располагање за сите, без разлика на потребниот интензитет за поддршка;
- Обезбедувањето поддршка за вршење проценки на деловната способност не треба да биде медицински ориентирана и заснована на менталниот капацитет, вештините за донесување одлуки или попреченоста;
- Поддршката мора да се заснова на волјата и преференците на лицето, а не на нивните перципирани најдобри интереси;
- Сите процеси поврзани со деловната способност и поддршката во практикувањето на деловна способност треба да вклучат мерки за заштита за да се осигури дека се почитуваат волјата и преференците на лицето;
- Мора да се воспостават мерки за заштита за трети лица за да се избегнат случаи кога лицето за поддршка не постапува во согласност со волјата и преференците на лицето кое го поддржува;
- Лицето за поддршка треба да е правно/законски признаено, избрано од лицето на кое му е потребна поддршка, кое пак треба да ја има можноста да ја прекине поддршката или да го промени лицето за поддршка во секое време;
- Начинот на комуникација на лицето или неговите финансиски ресурси не смеат да претставуваат пречка за добивање поддршка во донесувањето одлуки;
- Добивањето поддршка во донесувањето одлуки не треба да се користи како оправдување за ограничување на други основни права;
- Државите мора да го олеснат креирањето на поддршка кога лицата се изолирани и немаат пристап до поддршка во заедницата.

Важно е да се потенцира дека поддржаното донесување одлуки треба да обезбеди заштита за сите права, како што се правата поврзани со автономијата, да се избира каде и со кого да се живее, правото на слобода од злоупотреба и малтретирање, меѓу другото, притоа избегнувајќи преголемо регулирање на животот на лицата со попреченост.

**Со цел да биде ефективна и во согласност со Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, секоја законска реформа треба да ги зема предвид следните елементи:**

1. **Замена на проценките за ментална способност со обезбедување поддршка за практикување на деловната способност.**
2. **Обезбедување поддршка при практикување на деловна способност, вклучително и мерки поврзани со универзалниот дизајн и пристапност.**
3. **Усвојување на пристап за ко-продукција.**
4. **Вклучување на соодветни и ефективни мерки за заштита и механизми за известување за да се спречи злоупотреба во согласност со меѓународниот законик за човекови права.**
5. **Развојот и промоција на обуки и активности за подигнување на јавната свест за да се овозможи промена во менталниот склоп и во практиката.**
6. **Промоција на само-насочена поддршка за понатамошно зајакнување во постигнувањето на правото на лицата со попреченост да носат одлуки и да имаат контрола врз сопствениот живот.**

## Нови иницијативи на Европската унија и предлози на ЕАСПД

# Следниот голем чекор на Европската унија во областа на вработување и позицијата на ЕАСПД во однос на тој чекор

Европската комисија развива нова иницијатива наречена Патоказ за квалитетни работни места, кој е наменет за унапредување на квалитетот на работните места низ Европа. ЕАСПД поднесе документ за позиција за да се осигури дека гласот на сервисните служби за поддршка на лицата со попреченост се слушнати во текот на овој процес.

**Што претставува Патоказот за квалитетни работни места?**

Во суштина, планот на Европската унија е да се осигури дека транзицијата на Европа кон позелена и подигитална економија, исто така, ќе обезбеди фер, безбедни и висококвалитетни работни места. Иницијативата на Европската комисија се очекува до крајот на 2025 година и ќе се фокусира на подобрување на работните услови, промовирање на здравјето и безбедноста на работното место, поддршка во обучување и надградување, и зајакнување на колективното преговарање.

Исто така, ќе воведе рамка која ќе помогне за пофер и проактивно управување со процесите за преструктурирање, особено во индустриите што претрпуваат големи промени. И иако нема да има правна сила, ќе има вистинско влијание преку насочување на инвестиции, влијание врз националните политики и идното законодавство на ЕУ.

**Зошто овој Патоказ е важен за членовите на ЕАСПД?**

Патоказот за квалитетни работни места е особено релевантен за лицата со попреченост, неформалните згрижувачи и работниците во секторот за поддршка на лицата со попреченост. Еве зошто:

- Лицата со попреченост сè уште имаат многу помала веројатност да бидат вработени. Нивната стапка на вработеност е 24% пониска во однос на лицата без попреченост, при што над 20 милиони лица со попреченост на работоспособна возраст се невработени. Повеќе од половината членки на ЕАСПД обезбедуваат сервисни служби поврзани со вработување или директно вработуваат лица со попреченост. Тие се соочуваат со разни предизвици: несоодветни сервисни служби за вработување, непристапно стручно образование и обука, отсуство на соодветно прилагодување, како и негативни и погрешни концепции за попреченоста..
- Околу 8 милиони нови работни места во секторот за грижа и поддршка ќе бидат потребни во следната деценија, но овој сектор веќе се бори со недостиг на персонал и понекогаш несоодветни услови за работа. Ниските плати и преструктуирањето од институционална грижа кон грижа во местото на живеење, грижа насочена кон лицето, се само дел од потешкотиите со кои тие се соочуваат.
- Неформалните згрижувачи (најчесто жени) се борат да ги балансираат одговорностите од неформалананата грижа и работата, што често води кон долгорочно исклучување од пазарот на труд. Тие се соочуваат, меѓу другото, со недоволни опции за грижа, недостиг на флексибилни работни места, недостиг на поддршка за реинтеграција на пазарот за труд.

EASPD
European Association of Service providers for Persons with Disabilities

Сето ова, неизбежно влијае врз квалитетот и континуитетот на грижа за оние на кои таа им е најмногу потребна. ЕАСПД изготви документ за позиција „Создавање квалитетни работни места за сите: препораки за Патоказот за квалитетни работни места“

**Препораки на ЕАСПД за Патоказот за квалитетни работни места**

За да се осигури дека скорешниот Патоказ за квалитетни работни места ги испорачува своите потенцијали, ЕАСПД подготви серија препораки. Тие се засноваат на експертизата на ЕАСПД како претставник на обезбедувачите на сервисни служби кои пружаат поддршка и вработуваат лица со попреченост низ цела Европа и нивните згрижувачи, како формални (професионалци од секторите за социјала, здравство и грижа) така и неформални (родители, роднини). Препораките се дизајнирани да го поддржат создавањето на квалитетни, одржливи и инклузивни работни места. Тие ги адресираат системските предизвици и практичните јазови, нудејќи конкретни чекори за ЕУ да ги зајакне патиштата за вработување на лицата со попреченост, нивните неформални згрижувачи и да ги подобри условите за работната сила во социјалните сервисни служби.

**Пристап до квалитетни социјални сервиси како овозможувачи на квалитетни работни места**

Пристапот до квалитетни, достапни со цена и пристапни социјални сервисни служби е клучен овозможувач за вработување, особено за неформалните згрижувачи. Ова вклучува детска грижа, долгорочна грижа (вклучително и за возрасните и лицата со хронични болести или долготрајни здравствени состојби) и поддршка за лицата со попреченост. Низ Европа, милиони лица се исклучени или ограничени во нивното учество на пазарот за труд поради одговорности за пружање грижа (80% од неформалните згрижувачи се жени). Ваквата ситуација не само што ја зајакнува родовата нееднаквост туку и го поткопува економскиот потенцијал на Европа. Во овој контекст, Патоказот за квалитетни работни места треба да обезбеди:

1. **Рамките за политики треба да ги третираат социјалните сервисни служби како активни придонесувачи за создавање на квалитетни работни места, економско зајакнување и социјална кохезија.** Неформалната грижа, иако суштинска, не треба да биде пречка за економската независност, здравјето или социјалната инклузија на поединецот. Инвестирањето во социјални сервисни служби што се професионални и насочени кон лицето овозможува згрижувачите да направат вистински избори: да бараат вработување, образование, или можности за обука без да ја компромитираат добросостојбата на нивниот член од семејството. Ова подразбира достапност на финансиска поддршка како и флексибилни, во местото на живеење опции за грижа, како сервиси за одмена на семејна грижа, грижа во домот или пристапни сервиси за образование и грижа во раното детство, што помага да се ублажи оптоварувањето со грижата и да се поддржи рамнотежата помеѓу работата и приватниот живот. Зајакнувањето на овие сервисни служби е особено релевантно во контекст на заложбите на ЕУ согласно Европскиот столб на социјални права, Стратегијата за грижа Европската Гаранција за детето, Унијата на иницијативи за еднаквост и скорешниот Патоказ за квалитетни работни места.

   Обезбедувањето на одржливи јавни инвестиции во системите за грижа, поддршката на работната сила во системите за грижа и признавањето на неформалните згрижувачи преку насочени мерки и интеграција во стратегиите за вработување се суштински чекори. Со тоа, ЕУ може да го отклучи целосниот потенцијал на својата работна сила, обезбедувајќи дека никој не е присилен да избира помеѓу грижата за саканите и учество во општеството на еднаква основа.

**Подобрување на исходите од вработување на лицата со попреченост**

Подобрувањето на исходите од вработувањето на лицата со попреченост мора да се заснова на пристап заснован на човековите права, при што на лицата со попреченост им се нудат еднакви можности како и на сите други. Нивната инклузија на пазарот за труд не само што ја унапредува социјалната правда туку помага и при адресирање на недостигот на работна сила, ја зајакнува социјалната економија, поттикнува иновации преку разновидност и може да генерира од стотици илјади до неколку милиони евра во социо-економски приноси.

Како што се преструктурираат секторите, се раѓаат нови можности за вработување. Патоказот мора да го зграпчи овој момент за да осигури инклузивно, правично, одржливо и значајни вработување за лицата со попреченост истовремено адресирајќи ги препреките што продолжуваат да го ограничуваат нивниот пристап. Поради тоа, ЕАСПД ја повикува ЕУ да:

2. **вклучи мерки со кои ќе ги поддржува земјите членки во развојот на правни рамки за подобрување на пристапот до пазарот на труд за лицата со попреченост.** Правото на работа за сите лица со попреченост мора, не само да биде јасно признаено, туку и да биде зајакнато. Во одредени земји, лицата со попреченост може да бидат категоризирани како „неспособни за работа“, исклучувајќи ги и од пристапот до вработување. Освен што ја негира можноста за вработување со значајна работа, тоа создава и административни препреки и стравови, како што е ризикот од губење на основната социјална сигурност (на пр., „замката од бенефити“, каде што вработувањето води до намалена или целосна загуба на поддршката поврзана со попреченоста). Како резултат на тоа, многумина се одвраќаат дури и од размислување за вработување, проширувајќи ја исклученоста и зголемувајќи го јазот во вработувањето на лицата со попреченост.
3. **го зголеми Пакетот за вработување на лицата со попреченост и преку Патоказот за квалитетни работни места за дополнително олеснување на транзицијата од алтернативни модели за вработување кон отворениот пазар на трудот.** Во повеќето земји, стапките на транзиција се многу ниски (под 1%), а зголемувањето на транзициите бара крос-секторски и повеќеслоен пристап каде што можностите на отворениот пазар на труд се пристапни и достапни за лицата со попреченост. За да се направи ова, ЕАСПД и препорачува на ЕУ:
   - да ги користи и да продолжи со подигање на свеста за исходите од Пакетот за вработување на лицата со попреченост;
   - да ја прифати улогата на алтернативните модели за вработување во рамките на ЕУ;
   - да промовира законодавство кое го унапредува пристапот насочен кон лицето за да се поддржи вработувањето. Поддржаното вработување, преместување на работното место, чиракување, вработување по мерка, обликување на работните места, индивидуални работни места и поддршката се неколку примери за тоа како да се прошири пристапот до редовните пазари на трудот;
   - да обезбеди дека Патоказот за квалитетни работни места промовира мерки кои го поттикнуваат приватниот сектор и големите работодавци да вработуваат повеќе лица со попреченост, бидејќи тие остануваат недоволно застапени во споредба со јавниот сектор и малите претпријатија.
4. **инвестира во развивање вештини за лицата со попреченост преку обезбедување на тесна усогласеност со Унијата на вештини (план за подобрување на висококвалитетно образование, обука и доживотно учење).** Можностите за вработување што се достапни за лицата со попреченост се директно обликувани од нивниот пристап до образование и развој на вештини, што мора да започне што е можно порано и да продолжи во текот на целиот живот (како што е нагласено и во Унијата на вештини). Без ваква основа, лицата се соочуваат со препреки за вработување (особено на отворениот пазар на труд), економска независност и социјална инклузија. Справувањето со овие предизвици бара да се направат пристапни училиштата, универзитетите и програмите за стручно образование и обука (како физички така и со наставните методи); персонализирано кариерно насочување и поддршка (вклучувајќи ги приватните и јавните сервисни служби за вработување); креирање врски помеѓу образованието и реалните работни места (практиканство, чиракување, програми за соработка меѓу обезбедувачите на сервиси за стручно образование и обука и работодавците); креирање на врсничко учење и програми за менторство помеѓу лицата со попреченост.
5. **истражи за креирање на Гаранција за вработување и вештини за лицата со попреченост, според моделот**

## Нови иницијативи на Европската унија и предлози на ЕАСПД

**на Гаранцијата за млади, да осигура координирана, долгорочна поддршка за земјите членки.** И покрај постојните алатки и изворите на финансирање од ЕУ, како што е Европскиот социјален фонд плус, инвестициите во вработувањето на лицата со попреченост остануваат ограничени и фрагментирани. Потребен е постратешки пристап за да се ослободи нивниот целосен потенцијал. Тоа вклучува наменување на фондови за вработување и поддршка на вештини за лицата со попреченост.

6. **ја потенцира улогата на јавните набавки и државната помош во поддршката за вработување на лицата со попреченост и другите работници во неповолна ситуација во Патоказот за квалитетни работни места.** Јавните набавки служат како моќна алатка за постигнување на позитивни социјални резултати, вклучително и зголемување на можностите за вработување за лица со попреченост. Ова може да се постигне преку резервирани договори за организациите за социјална економија (член 20 од Директивата 2014/24/ЕУ за јавни набавки), клаузули за извршување на договорите (член 70), како што е употребата на социјални клаузули што бараат или поттикнуваат инклузивни практики за вработување (како што се минимални стапки на вработеност за лицата со попреченост) како услови за пристап до јавни договори. Иако државната помош е моќна алатка, нејзиниот потенцијал останува неискористен, и многу работодавци од редовните текови не се свесни дека можат да имаат бенефит од државната помош кога вработуваат лица со попреченост.
7. **обезбеди дека Патоказот за квалитетни работни места и другите постојни структури, како што е Европскиот семестар, го поддржуваат собирањето податоци за вработување на лицата со попреченост, меѓу другите ранливи групи.** Во моментов, недостигот на веродостојни, споредливи податоци за вработувањето на лицата со попреченост го попречува креирањето политики и одговорноста засновани на докази.

   Националните и системите на ЕУ мора да го подобрат собирањето податоци, дисагрегацијата и мониторингот, вклучително и преку ангажирање со сервисните служби и организациите за лицата со попреченост. Податоците треба да ги идентификуваат празнините, да го информираат планирањето и да ја следат ефикасноста на мерките. Неопходни се јасни показатели, редовно известување и споредливост меѓу земјите за да се обезбеди транспарентност, напредок, информирано и долгорочно влијание врз политиките.

### Квалитетни работни места во сервисните служби за грижа и поддршка

Професионалците во социјалните сервисни служби обезбедуваат неопходна поддршка, но исто така, имаат голем придонес во економската отпорност и конкурентност. Подобрувањето на квалитетот на работните места во секторот неизбежно ќе води кон подобар квалитет на грижа и поддршка за лицата на кои овие сервисни служби им се потребни. Истовремено, секторот за социјална грижа и поддршка е во процес на преструктуирање со промената кон сервисни служби во местото на живеење и насочени кон лицето, како и дигитализацијата и реформите во политиките. Патоказот за квалитетни работни места доаѓа во вистински момент, бидејќи секторот се соочува со растечки барања за сервисни служби за грижа и поддршка и бара поголема, добро обучена работна сила која ќе ги исполни растечките и индивидуалните потреби во согласност со стандардите за човекови права. За тоа да се постигне, ЕАСПД ја повикува ЕУ да:

8. **инвестира во вештини и доживотно учење, во согласност со иницијативите од Унијата на вештини, да ја поддржи атрактивноста на секторот за социјални сервисни служби и можности за кариерно напредување.** За да ги исполнат се поголемите барања за грижа и поддршка и потребите за поддршка насочена кон лицето, работниците мора да имаат пристап до континуирани можности за надградување и преквалификација кои се флексибилни и одговараат на растечките потреби и реалности на социјалните сервисни служби (вклучувајќи ја и дигитализацијата). Сегашните системи честопати немаат структурирани патишта за професионален развој или признавање на претходни и ново развиени програми за учење, ограничувајќи ги и задржувањето и задоволството од работното место. Рамките на политиките мора да признаат дека вештините често се стекнуваат преку искуството на работното место и да ги потврдат овие алтернативни патеки за развој на вештините. Понатамошното зајакнување на Пактот за вештини ќе го подобри развојот на вештини во клучните сектори, а воедно ќе ги поддржи напорите за надградување на вештините и преквалификација, придонесувајќи кон целите на Акциониот план на Европскиот столб за социјални права во однос на обуката. Ова би можело да се поддржи, меѓу другото, преку насочено финансирање, вклучувајќи ги ЕСФ+, ЕРАЗМУС и започнувањето на нови партнерства за вештини.
9. **ги интегрира алатката за таленти на ЕУ и иницијативите за преносливост на вештините во Патоказот за квалитетни работни места, обезбедувајќи дека ги опфаќаат специфичните потреби на секторот за социјални сервисни служби.** Недостигот на вештини во ЕУ веќе е опфатено преку договори меѓу земјите, на пример, помеѓу Финска/Германија и Филипини. Освен со мобилноста на работниците надвор од ЕУ, се среќаваме и со мобилност на работниците во рамките на ЕУ, што може да резултира со голем недостиг на персонал во земјите од кои потекнуваат работниците. И двете иницијативи, доколку се развијат земајќи ги предвид потребите на социјалните сервисни служби, можат значително да придонесат за социјалната инклузија, а воедно да ја зголемат конкурентноста на ЕУ. Поддршката за официјалното признавање на работниците во секторот за грижа и поддршка може да ја елиминира и непријавената работа, што исто така придонесува за целите на ЕУ за зголемување на конкурентноста.
10. **ги идентификува и официјално да ги признае новите окупациони профили кои даваат поддршка за самостојно живеење и вклученост во заедницата за лицата со попреченост.** Обучувачите на работното место, на пример, се клучни за поддршка во вработувањето на отворениот пазар на трудот, но нивната улога значајно

варира во земјите членки на ЕУ, особено во однос на официјално признавање и стандардизирана обука. Овој недостиг на униформираност наметнува предизвици и за достапноста и за квалитетот. Во земјите каде улогата на обучувачот на работно место не е официјално признаена, често има ограничени можности за професионален развој, што резултира со непостојаност во поддршката што се обезбедува за лицата со попреченост и работодавците. Ова е само еден пример за можностите за работа/професионалните профили во рамките на социјалните сервисни служби што можат да се идентификуваат и да се прошират преку официјално признавање, што може да доведе и до поголема атрактивност на секторот како можност за вработување.

11. **го поддржи развојот на структури за национален и локален социјален дијалог за да се гарантираат добри услови за работа, фер плати и соодветна застапеност на секторот за социјални сервисни служби во колективното договарање.** Неколку од пречките за привлекување работници во секторот се ниски плати, предизвикувачки услови за работа и зголемен психосоцијален ризик и стрес. Ефикасното опфаќање на овие предизвици може да го направи секторот поатрактивен за оние што бараат работа и да се подобрат условите за работа на постојниот персонал.
12. **го поттикне признавањето на работата во социјалните сервисни служби за да се привлечат повеќе работници, со адресирање на недостигот на персонал и стареењето на работната сила.** Да обезбеди дека секоја иницијатива од Патоказот за квалитетни работни места прави јасна референца за социјалните сервисни служби поради се поголемиот потенцијал за отворање на работни места и неговата клучна улога во социјалната инклузија, економската отпорност и конкурентност. Привлекувањето млади работници и машки работници може да помогне во поттикот на различноста и вкрстеноста во рамките на работната сила на социјалните сервисни служби. Социјалните сервисни служби можат да бидат значајна кариерна патека за лицата со попреченост, како што веќе се покажало во неколку земји: поттикнувањето на инклузивни можности за вработување, како што е наведено претходно, може да придонесе и за опфаќање на недостигот на персонал во секторот. Промовирањето на слика за социјалната работа може да ја поддржи мобилноста на работниците од секторите кои во моментот се преструктуираат во окупации кои ги исполнуваат нивните професионални цели и вредности.
13. **го ослободи потенцијалот на дигитализација и вештачката интелигенција и да истражи синергии во Стратегијата за примена на вештачката интелигенција.** Дигитализацијата и вештачката интелигенција имаат трансформативен потенцијал за социјалните сервисни служби – поддршка на лицата со попреченост, постарите лица и други лица кои имаат голема потреба од поддршка. Во сектор кој традиционално е недоволно дигитализиран и недоволно финансиран, тие нудат нови можности за подобрување на квалитетот, ефикасноста и пристапноста на грижата и поддршката, осигурувајќи дека поединците не само што ги добиваат сервисните служби што им се потребни, туку го прават тоа на начин што ја зголемува нивната автономија, достоинство и социјално учество. Истовремено, тие треба да се гледаат како алатки за поддршка, а не за замена на човечкиот контакт, и за намалување на административниот товар на работниците за грижа и поддршка. Пристапот „Човек во јамката“ е од суштинско значење за да се обезбеди етичко, контекстуално и емпатично обезбедување на сервисни служби. Оние на кои им недостигаат вештини, пристап или адаптирани алатки не треба да бидат исклучени од придобивките од технологиите преку обезбедување заштитни мерки, како што се стандардите за пристапен дизајн, програмите за обука и принципот на ко-дизајн. Ова може да ја подобри атрактивноста на секторот како можност за вработување доколку постои осмислена инфраструктура.

**Заклучоци**

Патоказот за квалитетни работни места може да делува како трансформативен лост и треба да се создаде со лицата со попреченост и обезбедувачите на сервисни служби. Покрај потенцијалот да биде клучен инструмент во подобрување на можностите за работа за лицата со попреченост, подобрување на грижата и поддршката на работната сила и осигурување на еднакво учество во вработувањето и општеството за неформалните згрижувачи. Исто така, може да ги ослободи економскиот раст и конкурентност, учеството во инлкузивниот пазар на труд, иновациите и отпорноста, социјалното и економско влијание. Клучните можности што ќе бидат на располагање откако ќе се подобри квалитетот на работните места за социјалните сервисни служби и пристапот до значајни можности за вработување за лицата со попреченост се:

- **Поинклузивна, квалификувана и прилагодлива работна сила која придонесува за одржлив економски раст.**
- **Поголема продуктивност што произлегува од подобра обука и поддршка, особено за лицата со попреченост и работната сила во секторот за социјална грижа.**
- **Извештајот од Самхал (Шведска) проценува од 300,000 до 5,3 милиони евра социо-економски бенефиции по вработено лица со попреченост, поради зголемена вредност на производството, даночни приходи и намалени трошоци за бенефиции, здравствена заштита и правниот систем.**
- **Создавањето на инклузивни работни места (преку мобилизирање на недоволно застапени групи, како што се лицата со попреченост, жените и неформалните згрижувачи) може да ослободи до 8 милиони нови работни места во здравствениот и во социјалниот сектор, справувајќи се со недостигот на работна сила.**
- **Различни тимови поттикнуваат социјални иновации и креативно решавање на проблеми.**
- **Подобрена родова еднаквост и разноличност во работната сила имаат позитивно влијание врз учеството на жените на пазарот за труд, особено неформалните згрижувачи.**
- **Поголемо учество на пазарот за труд промовира економска независност и ја намалува долгорочната зависност од социјална заштита.**
- **Докажана отпорност на социјалната економија на кризи (на пример, за време на КОВИД-19) ја зајакнува економската стабилност.**
- **Побрзо остварување на стратешките цели на ЕУ, како што се Европскиот столб за социјални права и иницијативите за Унија на вештини.**

Активности на Обединетите нации

# Грижа и поддршка за децата со попреченост во рамки на семејната средина и нејзините родови димензии

На осумдесеттата сесија на Генералното собрание на ОН, што се одржа во јули 2025 година, Генералниот секретар на ОН го достави извештајот на Специјалниот известувач за правата на лицата со попреченост, Хеба Хаграс, во согласност со Резолуцијата 53/14 на Советот за човекови права.

**Во извештајот, Специјалниот известувач за правата на лицата со попреченост ги потенцира препреките со кои се соочуваат децата со попреченост и нивните згрижувачи при уживањето на нивните човекови права, во отсуство на соодветни сервисни служби за поддршка. Таа ја разоткрива родовата димензија на неплатената грижа и поддршка за децата со попреченост во семејната средина, која најчесто е обезбедена од жени. Таа ги истакнува различните мерки и сервисни служби што треба да се спроведат како дел од инклузивните системи за грижа и поддршка засновани на човекови права и дава практични препораки до државите за заштита на правото на семеен живот, спречување на институционализација и промовирање на родовата еднаквост. Заклучоците и препораките кои произлегоа од извештајот „Грижа и поддршка за децата со попреченост во рамки на семејната средина и нејзините родови димензии“ се следните:**

1. Уживањето на човековите права од страна на лицата кои се грижат за децата во семејството (згрижувачи) и од страна на децата со попреченост е суштински поврзано. Децата со попреченост имаат право да растат во стабилна семејна средина која ја гарантира нивната добросостојба, развој и инклузија во заедницата. Ова право, историски е поткопувано преку недостигот на соодветна, пристапна и достапна со цена грижа и сервисни служби за поддршка, заедно со ресурсите насочени кон институционална грижа која ги сегрегира и ги одвојува децата со попреченост од нивните семејства. Како резултат на тоа, згрижувачите обезбедуваат неплатена грижа и поддршка за децата со попреченост во услови на остра нееднаквост, системски празнини во сервисните служби во местото на живеење и социјалната заштита, како и огромен притисок. Тие исто така се соочуваат со дискриминација врз основа на поврзаност, особено при вработување и пристап до социјална заштита.
2. Поради постојани и долготрајни родови стереотипи, културни норми и стигма, мајките особено се соочуваат со длабоки структурни нееднаквости додека ја овозможуваат грижата и поддршката за децата со попреченост, со што се оставени и тие и нивните деца да бидат особено ранливи на сиромаштија, изолација, насилство, злоупотреба и занемареност. Жените згрижувачи, исто така, искусуваат значителен притисок врз менталното здравје додека се справуваат со долгорочни, а понекогаш и многу специфични одговорности за грижа и поддршка, се справуваат со сложени, фрагментирани и бирократски системи за социјална помош и здравство и се залагаат за правата на нивните деца, особено за инклузивно образование.



***Хеба Хаграс**,Специјален известувач на ОН за правата на лицата со попреченост*

3. Правата, потребите и гласот на згрижувачите и на децата со попреченост во голема мера не се слушнати и се невидливи во релевантните законски и политички рамки. Со растечкиот фокус на воспоставување инклузивни и отпорни системи за грижа и поддршка засновани на човекови права, постои можност за значајни консултации, формулирање и имплементирање политики кои ефективно го заштитуваат правото на децата со попреченост за семеен живот, вклучувајќи и соодветна поддршка за нивните семејства. Ваквите чекори се суштински за спречување на институционализација и сегрегација на децата со попреченост и за препознавање, намалување и прераспределба на неплатената работа за грижа и поддршка што во голема мера ја обезбедуваат жени.
4. Во таа насока, Специјалниот известувач ги дава следните препораки за државите:

*Закони засновани на докази, политики и сервисни служби за заштита на правата на децата со попреченост и нивните згрижувачи и промовирање на инклузија во заедницата*

(а) Да се преземе итна и конкретна активност за развивање и имплементирање на закони, политики и сеопфатни сервисни служби во местото на живеење за возрасни и деца со попреченост во согласност со барањата во Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, и пренасочување на ресурси од институционална грижа и имплементација на планови за деинституционализација со временски ограничувања и рамки;

(б) Да се креираат инклузивни и пристапни механизми за значајно и системско консултирање со децата со попреченост и нивните згрижувачи во дизајнирањето, имплементацијата и евалуацијата на релевантни законски и политички рамки, особено за грижа, деца и млади, семејства, родова еднаквост, здравствена грижа, образование и социјална заштита;

(в) Редовно да се собираат и да се анализираат податоци за искуствата и потребите на децата со попреченост и нивните згрижувачи, вклучувајќи и како дел од анкети

## Активности на Обединетите нации

за користење на времето, попреченост и семејна поддршка. Сите податоци треба да се расчленети барем според статус на попреченост, пол и возраст, како за згрижувачите така и за оние на кои им е потребна грижа и поддршка;

(г) Да се спроведуваат активности за подигнување на јавната свест за борба против стигмата и погрешните сфаќања за попреченоста, вклучително и за време на детството и адолесценција, насочени кон различни средини како што се образование, медиуми, култура и спорт, рекреативни простори, играчки и книги, меѓу другото;

(д) Јасно да се признае во националното законодавство дека дискриминацијата по асоцијација е форма на дискриминација врз основа на попреченост, и да се воспостави заштита од повеќекратна и интерсекциска дискриминација; да се препознае, да се намали и прераспредели неплатената грижа и поддршка и да се промовира родова еднаквост;

(ѓ) Да се дизајнираат и да се имплементираат политики што ја промовираат родовата еднаквост во грижата, како што се споделени родителски отсуства и отсуства за грижа, автоматски припишувајќи го времето поминато во обезбедување неплатена грижа и поддршка кон соодветни старосни пензии и опфаќајќи традиционални и родови улоги околу грижата;

(е) Да се обезбедува адекватна финансиска поддршка за неплатените згрижувачи без да им се забрани вработување и други активности што генерираат приход и да се обезбеди пристап до флексибилни работни услови;

(ж) Да се финансираат и да се шират сервисите за одмена на семејната грижа во местото на живеење и сервисни служби за ментално здравје за згрижувачите на деца со попреченост; интегрирани, соодветни и пристапни сервисни служби за социјална заштита и поддршка;

(з) Веднаш да се отстранат административните препреки и обезбедување интегрирани и добро координирани сервисни служби за социјална заштита и поддршка, со ефикасно управување на случаи, упатувања и јасни информации кои се лесно достапни за згрижувачите и децата со попреченост;

(ѕ) Проценка и обезбедување соодветност и пристапност на постојните шеми за социјална заштита за семејствата на деца со попреченост, особено во однос на дополнителните трошоци поврзани со попреченоста;

(и) Да се зајакнат и интегрираат системите за социјална заштита со насочени и разновидни сервисни служби за поддршка, вклучувајќи домување и модификации во домот, квалитетни помагала и мобилност и пристапен транспорт; инклузивна поддршка и сервисни служби засновани на правата во текот на детството;

(ј) Да се зајакне пристапот и достапноста до пренатална и постнатална грижа во редовното здравство, и да се развијат јасни протоколи за комуникација, информации и упатување до мултидисциплинарни сервисни служби кога ќе се идентификуваат одредени нарушувања;

(к) Да се обезбеди обука за човековите права на децата со попреченост и нивните згрижувачи, како и недирективна, почитувачка и навремена комуникација со медицинските професионалци, особено во гинекологија, акушерство и педијатрија;

(л) Да се дизајнираат и да се спроведуваат програми за насочување и поддршка на згрижувачите во однос на нивните права и правата на децата со попреченост, разбирање и водење низ системите за поддршка, вклучувајќи механизми за решавање на спорови и надомест на штета и можности за користење на бесплатна правна помош и советување, информации и вештини поврзани со специфични попречености и советување;

(љ) Да се воспостави и да се зајакне достапноста, квалитетот и пристапноста до сервисни служби за рана идентификација и интервенција како во урбаните така и во руралните средини, вклучително и преку мерки за обука и задржување на квалификувани специјалисти;

(м) Да се зголемат инвестициите за имплементирање на квалитетно инклузивно образование за сите деца почнувајќи од предучилишно ниво, засновано на робусни законски и политички рамки кои се во согласност со меѓународните стандарди за човекови права, и да се обезбедат јасни рамки за соодветно приспособување, пристапна инфраструктура и мерки за индивидуализирана поддршка;

(н) Да се признае правото на инклузивна грижа и образование во раното детство и бесплатно предучилишно образование за сите деца преку нов опционен протокол на Конвенцијата за правата на детето што ќе се разгледа согласно резолуцијата 56/5 на Советот за човекови права;

(њ) Да се направат пристапни и отворени за деца со попреченост дополнителните училишни активности, летни кампови и други сервисни служби за детска грижа што се финансирани од јавните власти;

(о) Да се промовираат и да се финансираат врснички групи за поддршка, здруженија на членови на семејства и организации на лица со попреченост за поттикнување на поддршка во местото на живеење, советување, споделување на искуства, вештини и застапување;

(п) Да се обезбеди опсег на модели на човечка поддршка, вклучувајќи лични асистенти, за децата со попреченост врз основа на процената на функционални потреби;

(р) Да се осигури континуитет на сервисните служби за поддршка во текот на детството и понатаму, особено за време на преодот во возрасни лица, давајќи приоритет на сервисни служби во местото на живеење кои промовираат самостојно живеење, правни мерки за заштита на правото на деловна способност и поддржано донесување одлуки, индивидуализирани планови за транзиција со насоки и поддршка за образование, вработување, домување, социјална заштита и поддржано донесување одлуки.

**Целосниот извештај на Специјалниот известувач на ОН за правата на лицата со попреченост „Грижа и поддршка за децата со попреченост во рамки на семејната средина и нејзините родови димензии“ е достапен на следниот линк: https://www.ohchr.org/en/documents/thematic-reports/a80170-care-and-support-children-disabilities-within-family-environment.**

# Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП – ПОРАКА

## Дневни центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје

Како и до сега, активностите во дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје се насочени кон стекнување и унапредување на знаење и вештини за самостојно живеење на корисниците. Паралелно со спроведување на индивидуалната програма за работа за секој корисник која во август месец беше унапредена по направените ревизии на скалата за проценка на можностите на лицата со умерена и тешка интелектуална попреченост, во дневните центри се реализираа и низа други активности.

Најмалку еднаш во неделата едукаторите и корисниците реализираа активности во општествената градина „Зелена Арка“- „Бостание“. Во овој период активностите беа насочени кон одржување на засадените култури, плевење на коров, подврзување, полевање и берење на достасаните производи. Како и повеќепати досега се покажа дека оваа активност има повеќекратен ефект врез подигнувањето на самодовербата и чувството на вредност кај корисниците.

Преку процесот на рециклирање кој корисниците го реализираат во континуитет повеќе од две години, активно учествуваат во зачувување на природата, но и воопшто во подигнување на еколошката свест како кај себеси, така и во пошироката опкружување. На блиските „вендинг“ машини корисниците од двата дневни центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје, рециклираат пластични шишиња најмалку еднаш до двапати во неделата постојано зголемувајќи го контото со нови зелени поени.

Во текот на јуни (11 и 19 јуни) се реализираа и две завршни работилници во Факултетот за ликовни уметности. На истите се изврши кршење, измивање и доработка на мозаици кои што оваа година беа носечка активност во повеќегодишната соработка со оваа образовна институција.

Во овој период за одбележување е и соработката со актерот Филип Трајковиќ. Истиот игра една од главните улоги во новиот филм на режисерот Милчо Манчевски, „Збогум Копакабано“. Филип го глуми ликот на Виктор, братот на хероината кој е лице со интелектуална попреченост. Со цел подобро да се подготви за својата улога актерот Филип Трајковиќ, непосредно пред почетокот на снимањето на филмот во период од неколку недели повеќепати го посетуваше дневниот центар во населбата Аеродром и се дружеше со присутните корисници. Тој со своите нови пријатели во повеќе наврати реализираше практични активности во кујна споделувајќи ги своите кулинарски вештини. Се реализираа и активности кои му овозможија реална претстава за можностите и потенцијалите на корисниците и начинот на кој тие управуваат со своите емоции. Врските од ова ново изградено пријателство одеа дотаму што актерот го прослави раѓањето на својот син со своите нови пријатели од дневниот центар и ги запозна со истиот при последната посета во дневниот центар.



Кон крајот на месец август и почетокот на септември, во утринските часови кога временските услови го дозволуваа истото, корисниците од дневните центри практикуваа спортско рекреативни активности на блиските спортски игралишта во населбата Капиштец и во населбата Аеродром. Присуството во отворена социјална средина и практикување на различни спортови, вежби за раздвижување како и игри карактеристични за нашето детство се покажаа како одлични за физичката кондиција, но и за унапредување на групната кохезија и градење на тимски дух кај корисниците.

## Дневен центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Радовиш

Активностите во дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Радовиш редовно се реализираат согласно предвидените програмски активности. Покрај овие секојдневни активности се реализираа и низа активности со соработниците на дневниот центар.

Волонтерите на ОО на Црвен крст во Радовиш - Клуб на млади реализираа две работилници со корисниците на дневниот центар. На едната од нив, преку разни интерактивни игри корисниците на дневниот центар и волонтерите се запознаваа меѓу себе, споделуваа по некоја карактерна особина која е нивен личен печат, ги споделуваа омилените нешта што сакаат да ги прават, а исто така, во парови и во група учеа како да соработуваат и да градат заеднички тим за успешна соработка. Втората работилницата беше наменета за поттикнување на уметничкото изразување на корисниците. Тие заедно со волонтерите создаваа цртежи на различни теми.



## Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП - ПОРАКА

Во изминатиот период се одбележаа и родендените на двајца корисници во присуство на раководниот тим на рудникот Бучим кои корисниците ги израдуваа со роденденска торта и подароци покажувајќи ја нивната посветеност како општествено одговорна фирма да бидат присутни и на најубавиот ден на корисниците на нивниот роденден.

Во средината на јули корисниците на дневниот центар реализираа едукативна прошетка до Берово за која општина Радовиш го обезбеди транспортот. Тие го посетија женскиот манастир „Св. Архангел Михаил“ кој е стар два века и имаа можност да се запознаат со историјата на овој манастир. Потоа го посетија и машкиот манастир „Свети Пресвета Богородица“ кој е изграден 2002 година. Корисниците се запознаа и со сувенирите кои се изработуваат во овој манастир, а им беше подарен и беровски локум кој е уникатен по неговиот вкус, а исто така се изработува во манастирот. Голема благодарност до семејството Јованови, радовишани на привремена работа во Швајцарија, што беа спонзори на оваа прошетка и што придонесоа за радоста на корисниците и нивните родители.

На крајот од август традиционално се спроведе работилница за сукање на јуфки во дневниот центар во реализација на мајките на корисниците. Корисниците помагаа во целиот процес, а особено во простирањето на корите. Имаа можност уште еднаш да се запознаат со процесот на изработка од месење, сукање, простирање и сушење на корите до финален производ.

### Дневен центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип

Активностите во дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип во изминатиов период редовно и непречено се реализираа според планираните програмски активности. Секојдневно во работата со корисниците се практикуваа разновидни активности со цел да се унапредат и усвојат различни можности и способности. Покрај овие, се реализираа и неколку активности со различни соработници на дневниот центар.

Во средината на јули, во посета на дневниот центар беа претставници на финансиското друштво „М Кеш“. Тие иницираа практична работилница за поубаво и попријатно опкружување и оплеменување на надворешниот простор на дневниот центар. Корисниците, ангажираните лица во дневниот центар и вработените во „М Кеш“ ги бојадисуваа клупите и жардињерите во дворот на дневниот центар. Дадоа скромен придонес со донирање на саксии за цвеќиња, чаршафи за маси во кујната. За сите корисници поделија маици изработени за потребите на настанот со натпис „ОД СРЦЕ ЗА СРЦЕ“. Заедничката акција беше одлична можност за дружење, размена на идеи и позитивни емоции со мото „Со мали чекори и големи срца, заедно да создадеме убаво место за сите нас“

На почетокот на септември заедно со членови на ЦПЛИП – ПОРАКА Штип се спроведе спортско рекреативен настан. Учесниците на настанот играа спортски игри со топка кои беа од натпреварувачки карактер. Сите имаа можност да ја изразат својата натпреварувачка енергија, тимски дух и радост од играта. По спортските активности, учесниците на настанот се одморија во кафе - барот кој се наоѓа во состав на игралиштето. Сите самостојно си порачаа и си платија пијалак со цел поттикнување на самостојноста и социјалните вештини.

Дел од корисниците заедно со своите родители, старатели присуствуваа на настан „Македонијо, во срце те носиме“ кој беше одржан на плоштадот во Штип. Корисниците уживаа во незаборавен концерт со познати звучни имиња од македонската естрада, кои со своите хитови ја раздвижија и публиката.

### Дневен центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Прилеп

Изминатиот период активностите во дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Прилеп непречено се реализираа согласно предвидената програма за работа. Редовно се реализираа активностите за развивање на когнитивните, социјалните и практичните вештини кај корисниците.

Покрај овие, се реализираа и низа активности со соработниците на дневниот центар. Месец јуни ја обележа ревијата „Trash Fashion” која секоја година ја организира СОУ „Ѓорче Петров” како завршен проект на текстилната струка. На истата, корисниците беа почесни гости и уживаа во меѓусебно дружење.

Градината и дворот со кој располага дневниот центар, во текот на целата година се одржува, чисти и наводнува, а токму периодот со топло време беше клучен за растење на цвеќињата кои корисниците ги садат и одгледуваат. Со помош на наставничката Вера Поповска еднаш неделно се садеа нови видови на цвеќиња, а корисниците внимателно се грижеа и за претходно насадените цвеќиња.





## Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП - ПОРАКА

За празникот Иванден во посета на дневниот центар беа членови на културното друштво „Прeродба“. Претставниците на организацијата донесоа традиционални лепчиња „краваjчиња“ и ги запознаа корисниците со начинот на подготовка на овие лепчиња. Празникот Преображение корисниците го обележаа со посета на храмот Св. Преображение каде што запалија свеќи за здравје и се разговараше за важноста на овој верски празник.



### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Струмица

Социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Струмица непречено ги реализираше предвидените програмски активности во изминатиот период. Се реализираа низа когнитивно-едукативни работилници на кои се говореше на најразлични теми од секојдневието. Се разработуваа теми за соодветно учество во сообраќајот, односно користење на превозни средства, минување на улица и раскрсници каде има поставени семафори. Се реализираа и неколку работилници на кои корисниците учеа за парите, поточно препознавање на различните банкноти и монети. Потоа, се спроведе и работилница за правење на списоци за пазарење на продукти со цени на чинење на истите.

Практичните активности, исто така, редовно се реализираа. Корисниците самите се грижат за хигиената во просториите на социјалниот клуб, а и активно учествуваа во подготовка на освежителни напитоци и салати.

Не беа изоставени ними креативните работилници на кои корисниците твореа на најразлични теми кои нив ги интересираат. Исто така, имаа можност да ги покажат и своите шивачки потенцијали, односно со употреба на игла и конец тие шиеја директно на платно.

Во средината на јуни корисниците на социјалниот клуб и дел од родителите реализираа посета на фармата на баба Марија во село Раборци. Таму тие имаа можност да се запознаат со разните зеленчуци кои таа ги одгледува во својот пластеник. Воедно, тие имаа и можност да се запознаат со основните методи на садење зеленчук, но и да се обидат да посадат дел од зеленчуците на баба Марија.

Исто така, се реализираа и две заеднички дружби на корисниците во социјалниот клуб и нивните родители. Првата беше посета на Дојранското Езеро, а втората беше посетата на етно ресторанот Кај Виктор во село Босилово, каде корисниците имаа можност да се капат во летниот базен и да се релаксираат во дворот.



### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Виница

Изминатиот период активностите во социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Виница непречено се реализираа. Акцентот на дел од нив беше ставен на летниот период и топлото време. Така, дел од активностите беа разговори за опасностите од дехидратација и изгореници од сонцето, како и споделување на совети и искуства за избегнување на овие опасности. Се разговараше за грижата за сопственото здравје и здравјето на другите преку здрава исхрана, пешачење и одржување на хигиена, но и како да се побара медицинска помош доколку е потребна.

Се реализираа и неколку практични работилници на кои се садеа цвеќиња во социјалниот клуб, а се говореше и се учеше за нивното понатамошно полевање и одгледување. Дел од практичните активности се и одржувањето на хигиената во просторот на социјалниот клуб, активност која корисниците редовно ја спроведуваат.

Креативните работилници исто така редовно се реализираа во овој период. Корисниците твореа на теми со летни мотиви и изработуваа цртежи на животно со помош на сопствените отпечатоци од дланката. Не изостанаа нити дружбата и меѓусебната комуникација преку користење на едукативни и друштвени игри кои придонесуваат за создавање на посилни врски меѓу корисниците.

### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Битола

Социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Битола и во изминатиот период продолжува со редовните активности за унапредување на вештините за самостојно живеење на корисниците. Покрај редовните активности се реализираа



## Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП - ПОРАКА

и неколку рекреативни активности во градскиот парк во Битола. Корисниците на социјалниот клуб имаа можност да присуствуваат на театарската претстава Ричард III, што за дел од нив претставуваше ново и позитивно искуство, а сите заедно покажаа голем интерес за понатамошно реализирање на вакви активности. Воспоставената соработка со Прагма Продукција токму тоа и го овозможува, односно секогаш излегува во пресрет на корисниците на социјалниот клуб и им овозможи бесплатни влезници за неколку музички концерти во текот на летото.

Практичните активности во изминатиот период најчесто беа поврзани со подготовки на едноставни освежувачки пијалаци и оброци, кои се консумираат во летниот период. Се реализираа и низа креативни работилници на кои корисниците преку шаблони или цртежи, внимателно сечеа и лепеа парчиња на цртежите за да направат најразлични мозаици.

На 27-ми јуни во посета на Социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Битола беше градоначалникот на општина Битола, д-р. Тони Коњановски. За време на посетата тој се запозна со активностите кои се реализираат во оваа социјална сервисна служба, се запозна со корисниците и покажа интерес за нивните можности и потенцијали. Градоначалникот изјави дека ќе биде активен поддржувач на лицата со интелектуална попреченост и ќе се залага за нивна целосна инклузија во училиштата, во спортот, културата.

### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Кавадарци

Програмата за работа редовно се реализира во социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Кавадарци. Во изминатиот период се реализираа практични активности за одржување на хигиената во просторот на социјалниот клуб, но и средување на дворот и одржување на засадените растенија. Исто така, се спроведоа низа когнитивно-едукативни активности и креативни работилници на кои корисниците творея на различни теми. Се организираа и рекреативни активности и посети на спортски натпревари кои корисниците со големо задоволство ги следат. Кон крајот на јуни, корисниците на социјалниот клуб беа на еднодневна рекреативна прошетка во Дојран. Редовно се реализираа и спортско рекреативните активности во спортската сала на средното земјоделско шумарско училиште „Ѓорче Петров“.

Дел од корисниците на социјалниот клуб имаа можност да учествуваат на меѓународен турнир во фудбал кој се одржа во Ќустендил, Република Бугарија во периодот од 6-ти до 8-ми јуни 2025 година. На овој турнир корисниците на социјалниот клуб го освоија првото место.

Во периодот од 30-ти јуни до 5-ти јули, дел од корисниците на социјалниот клуб учествуваа и на фудбалски камп кој се одржа во Дојран.

### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Гевгелија

Изминатиов период во социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Гевгелија се реализираа повеќе когнитивно-едукативни и практични активности. И во месец јуни се продолжи со изработка на декоративни свеќници во различни бои и дезени и истите ќе се презентираат и продаваат по симболични цени на различни манифестации и настани. Исто така, се практикуваат заеднички друштвени игри како што се играње пикадо, куглање во импровизирани услови, редење сложувалки самостојно или со помош, играње карти и сл.

Во месец јуни корисниците на социјалниот клуб одбележаа една година од почетокот на активностите „Отпадот не е ѓубре“ на кои се учеше за отпадот, селектирањето и негова повторна употреба. По тој повод сите собрани капачиња во текот на цела година се депонираа во специјално изработен контејнер во форма на срце во центарот на Гевгелија. На покана од Здружението на лица со дијабетес од Гевгелија дел од родителите и членовите беа присутни на превентивно едукативна работилница насловена „Обезност, претходник на дијабетес“. Кон крајот на јуни дел од членовите и нивните родители учествуваа на третото инклузивно планинарење во природа на Кожуф во организација на Фондацијата Ице Бегов и планинарското друштво Кожуф од Гевгелија. На настанот покрај членови на планинарски друштва учествуваа и членови на здруженија на лица со попреченост од повеќе градови. Инклузивното планинарење започна од Планинарскиот дом „Томе Шутов Кротки“ каде што е изграден првиот пристапен тоалет за лица со попреченост во планинарски објект во Македонија.

Во текот на јули корисниците на социјалниот клуб учествуваа на керамичка работилници во Пионерскиот дом, во рамки на манифестацијата „Гевгелија – град на културата 2025“. Дел од активностите во овој период беа посветени и на разговори за справување со топлото време, а исто така на две работилници се подготвуваа здрави цедени сокови од различни овошја и вода, нагласувајќи ја важноста од внесување повеќе течности во текот на летните месеци.





ПОРАКА

# Наша Страница

## Спортско - рекреативни активности на дневните центри на РЦПЛИП - ПОРАКА во Скопје

**Топлото и убаво време во изминатиот период овозможи дел од спортско-рекреативните активности на сервисните служби да се реализираат и надвор од нивните простории. Дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје, во утринските часови практикуваа различни спортско-рекреативни активности на блиските спортски игралишта во населбата Капиштец и во населбата Аеродром.**





**Присуството во отворена социјална средина и практикување на различни спортови, вежби за раздвижување, како и игри карактеристични за нашето детство, се покажаа како одлични за физичката кондиција, но и за унапредување на групната кохезија, градење на тимскиот, но истовремено и натпреварувачкиот дух кај корисниците.**





ISSN 0350-5863